ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА
# ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
# СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

01 2023 07 06/3

Скопје, март 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Шуто Оризари за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Шуто Оризари, сметката на приходи на буџет на дотации (930), за 2009 година, во кој е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи.

На сметката на приходи на буџет на дотации (930), евидентирани се трансфери од централната власт по основ на блок дотации за основно образование и детски градинки.

Во делот на Нагласување за прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата обелоденува дека во текот на 2023 година од сметката на приходи на буџет на дотации 930 исплатени се средства во висина од 3.600 илјади денари на сметката на расходи на буџет на дотации (937), кои се префрлени на правно лице со кое општината нема должничко доверителски односи.

Во делот на останати прашања ја истакнуваме потребата од редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините со јасна и транспарентна формула во која ќе бидат вклучени сите видови на трошоци со реални вредности и големини, а во насока на подобрување на квалитетот на услугите на пренесените надлежности и редовно сервисирање на обврските.

Од страна на градоначалникот на Општина Шуто Оризари не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 4. | Останати прашања | 4 |
| 5. | Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет | 3 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 5 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 6 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 6 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 6 |
| 10. | Одговор на ревидираниот субјект | 8 |
| | Финансиски извештаи за 2022 година | |
| | Биланс на приходи и расходи | 9 |
| | Биланс на состојба | 10 |
| | Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| | Вовед | 11 |
| | Сметководствени политики | 13 |
| | Образложенија кон финансиските извештаи | 14 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ЕЛС | Единици на локалната самоуправа |
| МФ | Министерство за финансии |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МО | Министерство за одбрана |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МК | Министерство за култура |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |

Број: 16-244/9
Дата: 13.03.2024

## 1. Вовед

Општина Шуто Оризари е единица на локалната самоуправа формирана согласно Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија[1]. Нејзиното подрачје ги опфаќа селата Горно и Долно Оризари.

Општина Шуто Оризари се наоѓа на подрачјето на градот Скопје и со член 15 од Законот за градот Скопје[2] се регулирани нејзините надлежности од јавен интерес од локално значење што се однесуваат на: урбанистичкото планирање, заштита на животната средина и природата, локалниот економски развој, комуналните дејности, културата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, надзор над вршењето на работите од нејзина надлежности и други работи определени со закон.

Општина Шуто Оризари од Буџетот на Република Северна Македонија добива приходи по основ на блок дотации согласно член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

На сметката на приходи на буџет на дотации (930), евидентирани се трансфери од централната власт по основ на блок дотации од областа на основното образование и заштита на децата.

[1] „Службен весник на Република Македонија" бр. 55/04,12/05, 98/08, 106/08 и 149/14
[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна 9 и 10 на Општина Шуто Оризари, на сметката на приходи на буџет на дотации (930), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари за 2022 година на сметката на приходи на буџет на дотации (930) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Шуто Оризари на ден 31 декември 2022 година, на сметката на приходи на буџет на дотации (930), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари за 2022 година, на сметката на приходи на буџет на дотации (930), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 4. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

4.1. Известуваме дека во 2023 година, од сметката на приходи за буџет на дотации (930) се префрлени средства во вкупен износ од 4.600 илјади денари на сметката за расходи на буџет на дотации (937) наменета за противпожарна заштита[3]. Согласно член 15 од Законот за градот Скопје каде што се наведени надлежностите на општините во градот Скопје, Општина Шуто Оризари нема надлежност за противпожарна заштита и истата е во надлежност на градот Скопје.

Средствата од сметката за расходи на буџет на дотации (937) на неколку пати[4] се префрлени на две правни лица. Со едно од правните лица општината има склучено договор[5] по спроведена постапка за јавна набавка, додека со другото правно лице воопшто нема воспоставено должничко доверителски односи.

Средствата во висина од 1.000 илјади денари од правното лице со кое општината има склучено договор за јавна набавка се вратени во целост на сметката (930)[6]. За овој износ на 19.12.2023 година испратено е Барање за прекнижување[7] до Министерството за финансии на погрешно извршени уплати како резултат на грешка во називот на субјектот.

За средствата кои се префрлени на правното лице со кое општината нема должничко доверителски односи и кои не се вратени, преземени се следните активности:

- До градоначалникот на општината доставно е Известување-службена белешка од раководителот на Секторот за правни и административни работи во кое вработениот изјавува дека доброволно се пријавил во МВР – СВР Скопје за сторено кривично дело фалсификување на исправа и проневера во службата.
- Градоначалникот изготвил Решение за поврат на средства - надомест на штета[8] и Решение за прераспоредување на вработениот[9].
- За стореното кривично дело, Градоначалникот доставил пријава до Управата за финансиска полиција[10], МВР-Единица за економски и

[3] Општина Шуто Оризари во рамки на трезор има сметка на расходи од дотации (937), но за истата од страна на одговорното лице нема депонирани потписи

[4] Извод бр. 1 од 02.10.2023 година износ од 350 илјади денари, Извод бр. 2 од 05.10.2023 година износ од 350 илјади денари, Извод бр.3 од 25.10.2023 година износ од 300 илјади денари, Извод бр. 4 од 30.10.2023 година износ од 3.000 илјади денари и Извод бр. 5 од 14.11.2023 година износ од 600 илјади денари.

[5] Договор бр. 14-58/18 од 17.02.2021 по јавна набавка за набавка на материјали за разни поправки за потребите на општината.

[6] Извод бр. 126 од 15.12.2023 година износ од 500 илјади денари и Извод бр. 127 од 18.12.2023 година износ од 500 илјади денари.

[7] Бр. 05-987/1 од 19.12.2023 година

[8] Бр. 09-939/5 од 28.11.2023 година

[9] Бр. 04-939/2 од 28.11.2023 година

[10] Бр.09-931/1 од 27.11.2023 година

компјутерски криминал[11], Основно јавно обвинителство-Единица за гонење на организиран криминал и корупција и Полициска станица Чаир[12].

- До општината е доставен Налог од извршител[13] со кој се определува забрана од 1/3 односно 1/5 од месечните примања на вработениот со цел наплата на парично побарување.

Имајќи предвид дека средствата на сметката за приходи на буџет на дотации (930) се наменски доделени за вршење на дејноста на единките корисници на средства, ненаменското искористување на овие средства ќе има влијае врз понатамошното квалитетно и непречено работење на истите.

## 5. Останати прашања

Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во 2004 година за првпат се воведени блок дотациите, како дотации за финансирање на пренесените надлежности во образованието, културата, детската заштита и заштитата на стари лица во општините. Системот на финансирање на пренесените надлежностите на општините не е заснован на начелото на финансирање на надлежности (функции), туку на институции од образованието, детската и социјална заштита и културата. Со ваквиот начин на финансирање, децентрализацијата не обезбедува хармоничен и избалансиран однос меѓу демографскиот, економскиот и културниот развој на државата, односно постојат разлики поради нееднаквата развиеност на урбаните и руралните општини, со што сите општини не можат подеднакво да учествуваат во децентрализираните процеси во сите области, посебно во културата. За финансирање на горе споменатите надлежности блок дотацијата се користи преку конкретни програми. Надлежните министерства и фондовите изготвуваат методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите која се базира на формула со користење на соодветни показатели на потребите за секоја програма.

Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите на предлог на надлежното министерство по претходна согласност на Министерството за финансии, која се базира на формула со користење на соодветни показатели на потребите за секоја програма. Заради следење на развојот на системот за финансирање на општините, согласно член 15 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Владата, по предлог на МФ, формира Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините. Комисијата ја сочинуваат претставници од МЛС, МФ, МОН, МТСП и Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

[11] Бр. 09-931/5 од 29.11.2023 година
[12] Испратено по пошта и нема повратница
[13] И.бр. 91/23 од 05.01.2024 година

Уредбите за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите се секоја година идентични, односно нема промена во утврдените критериуми за распределба на блок дотациите или воведување на нови (отсуство на трошоци за превоз како значаен елемент во формулата), што упатува на заклучок дека од страна на надлежните министерства и тела, не се преземаат доволно активности и мерки со цел подобрување на состојбите околу финансирањето на пренесените надлежности на ЕЛС, односно висината на блок дотациите секоја година се утврдува врз основа на историски податоци.

Потребата од редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините е содржана и во извештајот за анализата на состојбите со финансирањето на пренесените надлежности на општините на Меѓуресорската работна група, а Владата на Република Северна Македонија, врз основа на таа информација донела заклучок согласно кој МФ, МЛС, МО, МОН, МК, МТСП се задолжени секој во делот на својата надлежност, најдоцна до 30.06.2020 година да достават информација до Владата за реализација на истите, со акциски план за спроведување на препораките.

Според одговорите од надлежните министерства досега не се преземени доволно активности во насока на спроведување на препораките што укажува на неподготвеност на надлежните министерства за редефинирање на начинот и утврдувањето на критериумите за наменските и блок дотациите.

Со непреземање на активности од страна на надлежните министерства за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините со доволно јасна и транспарентна формула во која ќе бидат вклучени сите видови на трошоци со реални вредности и големини се доведува во прашање квалитетот на услугите на пренесените надлежности и редовно сервисирање на обврските.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 24.11.2023 година до 31.12.2023 година кај Општина Шуто Оризари од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфат на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Општина Шуто Оризари, застапувано од:

- Курто Дудуш, Градоначалник на Општина Шуто Оризари од 08.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Општина Шуто Оризари одржан на ден 17.01.2024 година за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на градоначалникот на Општина Шуто Оризари не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Општина Шуто Оризари | | | | |
| Сметка на основен буџет (930) | | | | |
| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година | | | | |
| | | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | | 2021 |
| **Приходи** | **3.1.** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 180.624 | | 177.631 |
| **Вкупно приходи** | | **180.624** | | **177.741** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 143.826 | | 140.280 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 31.644 | | 32.005 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 719 | | 368 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **176.189** | | **172.653** |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | 3.2.4. | 1.359 | | 1.552 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.359** | | **1.552** |
| **Вкупно расходи** | | **177.548** | | **174.205** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **3.076** | | **3.536** |

Општина Шуто Оризари

Сметка на основен буџет (930)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Парични средства | 4.1. | 3.076 | 3.536 |
| Вкупно тековни средства | | 3.076 | 3.536 |
| Постојани средства | | | |
| Вкупна актива | | 3.076 | 3.536 |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2. | 3.076 | 3.536 |
| Вкупно тековни обврски | | 3.076 | 3.536 |
| Вкупна пасива | | 3.076 | 3.536 |